совет за етика во
медиумите на македонија

01.09.2016г.

**ОДЛУКА**

**На Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), по жалбата на Ѓорѓи Угриновски за текстот со наслов "Милионските бизниси на вевчанската фамилија", објавен на 03.06.2016 година, во бројот 1078 на неделникот весник Фокус**

**ЖАЛБАТА Е ОСНОВАНА**

Кодексот на новинарите на Македонија е прекршен во член 1.

Член 1.

*"Новинарот има право на слободен пристап до сите извори на информирање што се од јавен интерес. Новинарот треба да објавува точни, проверени информации и нема да прикрива суштински податоци и да фалсификува документи. Доколку информацијата не може да се потврди, или станува збор за претпоставка, односно шпекулација, тоа треба да се каже и да се објави.* ***ТОЧНОСТА НА ИНФОРМАЦИЈАТА ТРЕБА ДА СЕ ПРОВЕРИ КОЛКУ ШТО Е ТОА МОЖНО."***

Ул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје Македонија

www.semm.mkinfo@semm.mk 0038923222595

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

До Извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија, на ден 08.06.2016 година, лицето Ѓорѓи Угриновски поднесе жалба за текстот со наслов "Милионските бизниси на вевчанската фамилија", објавен на 03.06.2016 година, во бројот 1078 на неделникот весник Фокус.

Во жалбата се наведува дека во делови од споменатиот текст се изнесени невистини и известувањето не е точно и не е фер, дека е извршена клевета, нарушена е приватноста и не е застапена втората страна. Во образложението на жалбата се наведени прекршувањата за кои се жали жалителот и се дадени објаснувања или корекција на конретните изјави. Се вели дека медиумот ги довел во заблуда читателите да мислат дека станува збор за нова компанија во РМ, која заради блиските релации со Никола Тодоров, во Министерството за образование и наука и во Министерството за здравство реализирала голем број на проекти.

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со член 12 од Деловникот на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со неделникот Фокус и побара уредничкиот колегиум да се изјасни по однос на наводите од жалбата. Зоран Димитровски, одговорен уредник на „Фокус", го прати одговорот на новинарот Зоран Милошески по наводите на жалителот и надополни дека г-дин Угриновски испратил писмо-демант до редакцијата на Фокус, по објавувањето на текстот, а „Фокус" го објавил веднаш, во следниот број на весникот, бр. 1079 од 10.06.2016 г., а во бројот 1080 од 17.06.2016 г. објавиле и одговор на Фокус на демантот. Во одговорот, новинарот Зоран Милошески вели дека обвинувањата на г-нот Угриноски за наводно извршена клевета и за нарушување на приватноста не се ништо друго освен обид за минимизирање на фактите и главните поенти на истражувачката сторија. Вели дека во текстот не е оспорен континуитетот на работење на фирмата. Се нагласува дека сите наведени договори кои „ВИА" ДОО ги склучила со државните институции, како и наведените суми за висината на договорите, се преземени од

официјалната веб - страница на Бирото за јавни набавки при Министерството за финансии, според што не станува збор за никакви шпекулации или дезинформации, туку за јавно достапни информации и факти. Се напоменува дека договорите се споменати со цел да се отвори прашањето за можната инволвираност на политиката во склучувањето на десетиците зделки „тешки" повеќе милиони евра, особено од аспект што добар дел од нив се склучени во постапка на договарање без објавен оглас, а основата за таквиот сомнеж е тоа што дел од фамилијата Угриновски се актуелни високи функционери од редовите на ВМРО-ДПМНЕ. Новинарот наведува дека единствената ненамерна грешка направена во текстот се посочените договори кои „ВИА" ДОО наводно ги склучила со Министерството за здравство, а станува збор за превид и ненамерна грешка направена од страна на новинарот, бидејќи споменатите договори ги склучила фирмата „АТРИУМ" ДОО, чиј сопственик е внукот од сестра на Ѓорѓи Угриноски, Крсто Мукоски.

Комисијата за жалби најде дека жалбата во однос на содржината е ОСНОВАНА.

***

При своето одлучување комисјата ги зеде и предвид:

Декларацијата за слободата на политичка дебата во медиумите (усвоена од Комитетот на министри на 12 февруари 2004 година, на 872-от состанок на претставниците на министрите)

Чл. 1 Слобода на зразување и информирање по пат на медиуми

- Плуралистичката демократија и слободата на политичка дебата бараат јавноста да биде информирана за прашања од јавно значење, што подразбира и право на медиумите да објавуваат негативи информации и критички мислења кои се однесуваат на политички личност и јавни функционери, како и правото на јавноста да ги прима

Чл. 3 Јавна дебата и надѕор на јавноста над политички личности

- Политичките личности одлучиле да апелираат на довербата на јавноста и прифатиле да бидат предмет на јавна политичка дебата, а со тоа и предмет на надзор на јавноста и на потенцијално силна јавна критика по пат на медиумите, во поглед на начинот на кој ги извршувале или ги извршуваат своите функции.

Чл. 5 Надзор на јавноста над јавни функционери

- Јавните функционери мора да прифатат дека тие ќе бидат предмет на јавен надзор и критики, посебно по пат на медиумите, во поглед на начинот на кој ги извршувале или ги извршуваат своите функции во онаа мера во која тоа е неопходно поради обезбедување транспарентност и одговорно извршување на функцијата.

**Чл. 5 ст. 2 од Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета** каде се вели дека како подрачја и прашања на јавен интерес се сметаат особено: сите облици, институции и активности на вршење на државна власт и јавни институции, локалната самоуправа, општествените дејности како здравството, културата, уметностите, образованието, науката, спортот, средствата за јавно информирање,правниот систем и примената на правото и економскиот систем и економските односи и животната средина.

**Чл. 3 од Законот за спречување судир на интереси** каде што се вели дека:

- **"судир на интереси"** подразбира судир на јавните овластувања и должности со приватниот интерес на службеното лице, во кој службеното лице има приватен интерес што влијае или може да влијае врз вршењето на неговите јавни овластувања и должности;

- **"јавни овластувања и должности"** подразбира остварување на работи од јавен интерес под еднакви услови во материјална и нематеријална смисла;

- **"приватен интерес"** подразбира материјален или нематеријален интерес на службеното лице што може да влијае врз неговото одлучување при вршењето на јавните овласувања и должности;

- **"корист, лична корист или користољубивост"** подразбира стекнување на имот и имотни права или други права (материјални и нематеријални) што на лицето не треба да му припаѓаат;

- **"блиски лица"** се лицата во брачна или вонбрачна заедница со службеното лице, роднини по крв во права линија и во странична линија до четврти степен, посвоителот и посвоеникот, роднините по сватовство до втор степен, како и секое физичко или правно лице со кое службеното лице има приватен интерес;

- **"подарок"** во смисла на овој закон подразбира пари, хартии од вредност, предмети, права и други услуги понудени на службеното лице за вршење односно не вршење јавно овластување или должност;

- **"јавен интерес"** е поширок општествен интерес за општото добро и напредок на сите граѓани под еднакви услови во материјална и нематеријална смисла којшто може да биде загрозен со предизвикување штета од материјална и нематеријална природа поради настанување судир на приватниот со јавниот интерес и

- “изјава за интереси“, во смисла на овој закон, е изјава на службеното лице која содржи податоци за неговите лични и приватни интереси во вршењето на јавните овластувања и должности.

**(2) Службено лице, во смисла на овој Закон,** се претседателот на Република Македонија, пратениците, градоначалниците, амбасадорите и другите именувани лица на Република Македонија во странство; избраните и именувани лица од и во Собранието на Република Македонија и Владата на Република Македонија, органите на државната управа и други државни органи, органите на судската власт, јавните претпријатија, установи, други правни лица на централната и локалната власт, државните службеници и вработените во органите на

државната управа и други државни органи, органите на судската власт, јавните претпријатија, установи, други правни лица на централната и локалната власт, советниците во советите на општините, советниците во Советот на градот Скопје, како и лица вработени преку агенциите за привремено вработување со овластување утврдени со закон.

**Пресудата на ЕСЧП во предметот Dalban против Романија од 1999 година,** каде што еден новинар обвинил политичар за корупција и за несоодветно управување со државниот имот, Судот укажа дека „новинарската слобода опфаќа и можно прибегнување кон одреден степен на преувеличување, па дури и провоцирање". Покрај тоа, дури и во однос на фактите, Судот ја признава одбраната со добра волја за оставање „слободен простор за грешка" кај медиумите.

***

На почетокот седницата на 12.08.2016 година, членот на Комисијата Мери Јордановска беше изземена од расправата, во согласност со член 10 од Деловникот на Комисијата поради судир на интереси, бидејќи е предложена како член на Комисијата за жалби од страна на Фокус, се' со цел да се обедбеди меритoрност во одлучувањето и спречување на делегитимирање на одлуката на Комисијата. Комисијата за жалби ги разгледа наводите на жалителот Ѓорѓи Угриновски, направи увид во наведениот текст, објавениот демант и одговор на демантот и го разгледа одговорот од Фокус.

Како што може да се констатира од самиот текст, авторот ги анализира семејните, политичките и бизнис односи на жалителите Ѓорги Угриноски со лицата: Цветомир Угриноски, актуелен градоначалник на Општина Вевчани, за кого тврди дека се браќа, Крсто Мукоски, актуелен пратеник во Собранието на РМ, за кого тврди дека му е внук од сестра, Сања Угриноска-Спасеновска, актуелен шеф на кабинет на Претседателот на Собранието на РМ, за која тврди дека му е ќерка на жалителот и Александар Спасеновски, поранешен пратеник за кого тврди дека е зет за ќерката Сања на жалителот.

Жалителот ниту во жалбата до СЕММ, ниту во демантот објавен во неделникот “Фокус” не негира дека споменатите лица му се роднини онака како што опишува авторот.

Кај вака напишаниот текст Комисијата, најпрво, констатира дека тој е од ЈАВЕН ИНТЕРЕС бидејќи опфаќа анализа на работата и релациите на политички личности и јавните функционери кои, во согласност со Декларацијата за политичка дебата, прифатиле да бидат предмет на јавна политичка дебата, а со тоа и предмет на надзор на јавноста и на потенцијално силна критика по пат на медиумите во поглед на начинот на кој ги извршувале или ги извршуваат своите функции.

Дотолку повеќе што ЈАВНИОТ ИНТЕРЕС е зголемен со интересот за работата и релациите на наведените лица, бидејќи станува збор за функционери кои се во крвно сродство со жалителот, при што, во извршувањето на политичките функции може да дојдат до судир на приватните интереси во однос на бизнис и политичките релации ( да настане корист, лична корист или користољубивост), што е дополнителен предизвик за професионалното новинарско истражување, онака како што тоа го опишува чл. 3 од Законот за спречување судир на интереси во однос на роднини по крв во права и странична линија, па оттука не може да стене збор за нарушување на приватноста на жалителот.

Понатаму, Комисијата констатираше дека уште при тематската обработка, новинарот го запазил целосно ЈАВНИОТ ИНТЕРЕС, бидејќи станува збор за подрачје и прашање од јавен интерес, онака како што законодавецот го опишал во чл. 5 ст. 2 од Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета, со цел да се спречи евентуална материјална штета кон јавното добро поради настанување судир на приватниот со јавниот интерес.

Во однос на етичките прекршувања, кој жалителот таксативно ги наведува во жалбата, Комисијата најде дека тие се неосновани, бидејќи станува збор за медиумски производ од исклучително значење за ЈАВНИОТ ИНТЕРЕС и новинарот има право да употреби и поостар јазик (иако тоа не го направил), да провоцира, па дури и минимално да згреши кај фактите,

# совет за етика во медиумите на македонија

за да се отвори дебата во јавноста за заштита на јавните интереси, онака како што ЕСЧП тоа го опишува во предметот Dalban против Романија од 1999 година.

Во однос на целокупниот формат на објавени факти во наведениот текст, Комисијата констатираше дека таа нема ниту законска, ниту деловничка можност и надлежност да ги утврдува фактите, односно дека нејзината надлежност е да ги цени формата, етичноста и постапката на прибирање информации кај новинарските производи.

***

Комисијата за жалби ги отфрли спорните точки наведени од жалителот Ѓорѓи Угриновски и најде дека во спорниот текст со наслов "Милионските бизниси на вевчанската фамилија", објавен на 03.06.2016 година, во бројот 1078 на неделникот весник Фокус, прекршен е член 1, **ЕДИНСТВЕНО ВО ДЕЛОТ според кој новинарот треба да обезбеди "втора страна", односно да им даде можност на сите засегнати од новинарскиот производ да го кажат својот став.** Ова особено во случаи кога новинарот изнесува сомневања или обвинувања или кога некој е предмет на напад и критика.

Во согласност со наведеното Комисијата одлучи како во диспозитивот.

Во работата на Комисијата за жалби учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Филип Ѓурчиновски, Гоце Герасимовски и Теофил Блажевски.

**Се обврзува неделниот весник Фокус, во согласност со членот 18 од Деловникот за работа на Комисијата за жалби, да ја објави одлуката на Комисијата за жалби.**

Со почит,

Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби

Мирче Адамчевски

Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија ЕТИКА ПРЕС Скопје

Ул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје Македонија

www.semm.mkinfo@semm.mk 0038923222595